# ИЗВЕШТАЈ

## ЗА РАБОТАТА, ОСТВАРЕНАТА ПРОГРАМА И РЕАЛИЗИРАНИТЕ ПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ ВО 2020 ГОДИНА НА ЈУ „ УНИВЕРЗАЛНА САЛА“ СКОПЈЕ

Скопје, Јануари 2021 година

Позитивни и успешни резултати , се белег и на минатогодишното работење на ЈУ „ Универзална сала „ и покрај тоа што објектот е само делумно употреблив.

Планираните програмски задачи беа реализирани на отворен простор,централното градско подрачје , а истовремено беа реализирани и активности во употребливиот дел на постоечкиот објект.

Сите планирани , како и дополнителни проекти за кои имаше договор со Град Скопје беа успешно реализирани. Поради фактот што главната сала во склоп на објектот е нефункционална повеќе од 4 години по ред, екипата на Универзална Сала и оваа година беше приморана да ги реализира своите проекти надвор од салата , во други објекти како и на отворен простор , низ градот.

Обновената малата сала отвори можности за реализација на настани со капацитет до 100 седечки места и тоа за семинари , предавања , конференции , забави и друг вид на активности кои одговараат на големината на наведениот простор. Во малата сала се реализирани аудио, видео, или аудио-видео записи од музички перформанси, конференции , уметнички настани од различен карактер а имаме и неколку закупци кои во тој простор реализираат свои активности .

Во период од Јануари 2020 до крајот на 2020 година реализирани се 12 манифестации со вкупно 40 термини и околу 75.000 посетители . Освен соработка со други културни институции од градот и државата, Основните активности на Универзална сала се одвиваа во рамките на неколку проекти ( Изложба пред Универзална , Конференција на проектот Кре Арт , Конференција за Европски Град на Културата ,Скопје 2028 , Фестивал на Светлината , Алтернативно Скопје , Скопски хорски свеченост и , Акустик Фестивал и за прв пат во организација на Универзална сала, Бела Ноќ и др). Можеме да констатираме дека настаните беа проследени од голем број на посетители , со што покажавме дека Универзална сала и покрај отежнати услови за работа , остварува значителен број на важни и многу видливи културни активности.

Во својата програма Универзална Сала од секогаш се залагала за вклучување на најмладите генерации, како тие би добиле шанса да научат и да стекнат искуства, како публика, како изведувачи и како дел од организацијата на настаните , така да и оваа година остваривме соработки помладите генерации низ различни проекти и активности и таа активност ќе ја продолжиме и во наредните години .

Медиумска застапеност како исклучително важен фактор во реализација на проектите беше остварена преку голем број на медиуми кои директно или преку снимки ги проследија настаните или известуваа за истите. Интернетот како медиум, веб страната и Фејсбук профилот беа редовно ажурирани со тековните содржини и голем број текстови и слики . Претставници од ЈУ „Универзална сала “ беа гости на повеќе телевизиски куќи каде во нивните емисии ја промовираа програмата, а воедно имаше и многу новинарски објави за работата и настаните. Исто така дел од промотивните активности се одвиваа самостојно, преку користење на нашата ФБ страна и нашиот веб сајт.

Согласно усвоената програма за работа од Град Скопје, ЈУ „ Универзална сала “ ги реализираше следните проекти:

# Култура во време на корона

Програмите предвидени согласно Програмата на култура на Град Скопје за 2020 година во почетокот на годината наидоа на непремостлива препрека наречена Корона. Целата држава а со тоа и културните институции беа затекнати од силината на пандемијата незабележана во поновата светска историја . Но тоа не значеше дека животот треба да престане и дека и во такви, преку ноќ сменети услови , треба да се продолжи понатаму со капацитети со кои се располага. Тоа значеше дека треба да се пронајдат нови начини на културно делување и достапност до поширокатa публика која не можеше физички да приствува на настаните поради мерките донесени од страна на владата

На координативните состаноци во Град Скопје донесена е одлука веднаш да се објави конкурс за настапи на наши познати и помалку реномирани уметници од сите области кои и вакви отежнати услови , без присаство на публика , на јавни и отворени простори би одржале свои уметнички перформанси. На тој начин би им се помогнало на уметниците побезболно да го пребродат периодот без настани а со самото тоа и без приходи , а истовремено би им се помогнало на луѓето затворени во своите домови да имат свои домашни „ маалски концерти “

Идејата беше одлично прифатена од многубројните уметници и пријавите за овој настан веднаш почнаа да пристигаат во голем број .

Со реализација на проектот е започнато многу бргу , веќе  на 15 Април и настаните  воглавном се одвиваа на широки ,отворени простори , достапни до погледите на станарите од околните згради . Градот Скопје започна повторно да живее во ритамот на културата , почнувајќи од населбите Аеродром , Центар , Чаир , Кисела вода па се до Карпош и Ѓорче Петров.

Особено е важно да се истакне дека настаните можеа да се следат и преку видео линкови и преку други видови на социјално поврзување така да  иако не беа физички присутни , граѓаните ги пратеа сите овие настани со големо одушевување , а поддршка на настанот ни беше дадена и од другите градови кои исто така ги следеа овие изведби .

Уметниците кои беа дел од овј проект со голем ентузијазам ги одржаа своите  концерти , иако свирење во живо без  „ жива душа “ пред нив , беше и за нив уникатно и несекојдневно доживување .

За своите настапи уметниците добиваа таканаречени „ солидарни “ хонорари во износ од 14.500 денари , кои иако не големи сепак им значеа во време кога не можеа да остварат  никакви други приходи .

Заслуги за овој , навистина голем и успешен проект го имаат многу уметници и затоа би набројале некои од нив :

Пред се тука се голем број на Ди Џеј изведувачи , Огнен Узуновски , Зоран Ристовски Бебе , Горан Атанасовски , Мирко Попов , Жарко Настовски , Алек Солтиров . Сериозната музика беше застапена со гудачкиот квартет на Пламенка Трајковска , квартетот Агни Авшар .

Со своите настапи ја воодушевија публиката и : Бени Нон Стоп , Funk Shui , Day Off ,Мјузаик , Силви бенд , бенд Off и др .

Настапите на етно групата Љубојна , Групата Нокаут кои се на нашата естрадна сцена долга низ години исто така беа одлично примени од публиката по околните стамбени објекти .

Проектот успешно заврши на 10. Мај , како резултат на огромен ангажман на сите учесници , тргнувајќи од организаторот Град Скопје , ЈУ Универзална Сала ја даде максимално својата поддршка преку ,уредување на програмскиот дел на манифестацијата , техничката поддршка со сите придружни елементи за реализација на настаните како и со учество на персоналот со својот максимално професионален и коректен ангажман , како и многу други , со надеж дека повторно ќе се видиме во други проекти , но не во вакви исклучително тешки услови и околности .

## АКУСТИК ФЕСТИВАЛ 2020

Годинашново издание на фестивалот на акустична музика „ Акустик Фестивал 2020 “ се одржа во многу специфични услови поради светската пандемија на вирусот Ковид 19.

Но и покрај тоа, Универзална сала како организатор на истиот направи исклучително големи напори да се реализира овој настан, водена од идејата да не замрат културните настани и во овие специфични услови .

За реализација на настанот требаше да се исполнат многу објективни услови/мерки предложени од страна на Владата, како што се: задолжително носење на маски , одредена дистанца помегу гледачите/публиката и слично и до овие мерки морааа сите да се придржуваат, како учесниците така и посетителите. И покрај огромниот интерес, бројот на гледачите мораше да биде лимитиран а со самото тоа и атмосферата која се направи беше далеку од тоа, како кога би се правел фестивал во “нормални услови”.

Настанот се одржа во прекрасната атмосфера на винаријата „ Камник “ , помеѓу лозите од кои се прави едно од најубавите вина во Македонија .

Вечерта пред зајдисонце ја отвори нашата позната уметничка Сара Мејс прв пат пред публиката се претстави со својата харфа во придружба на нејзиниот бенд.
Оваа грациозна и сензуална артистка која често си поигрува со скокотливи текстови, на моменти полни со еротски набој, вешто успеваше својата атомска енергија и нескротлив дух, софистицирано да ги канализира и преточи во извонредно емотивна изведба.

Моќна сценска појава која со леснотија успеа да го украде вниманието на публиката и да ја внесе во својата музичка мантра која вози од ранливо, лирично и нежно како пердув, сè до ритмично-тензичен фанки грув од кој врие крвта и поместува од место.

Настапот на Сара Мејс беше надополнет и со настапот на нашата позната поп група  IQ  , која само ја надополни веќе создадената  позитивна атмосфера .

Следни беа волшебниците на концертите во живо – Фолтин на Skopje Unplugged 2020 , ја направија вечерта уште поубава.
Убедливо најпродуктивниот бенд во Македонија со снимени 8 студиски албуми, музика за преку 30 театарски претстави и музички печат на светски прославените филмови – „Медена земја“ и „Исцелител“.

Нивната музика публиката ја доживеа  како духовита, страсна, со жешка танцувачка атмосфера. Актуелни и свежи веќе трета деценија, вешто успеваат да се надградат одново во секој нареден проект.

За нив огромен предизвик, за прв пат од своето постоење да ги изведат своите најпретпознатливи мелодии во акустична верзија.

Честа да  посведочи на овој важен момент во нивната кариера ја имаше публиката на Skopje Unplugged 2020.

Вечерта ја заокружи со свој настап македонската поп дива, Тамара Тодевска  која владее на сцената изминативе години, а која минатата година ја освои и ја остави без зборови и Европската јавност, со неповторливата изведба на настапот на Евровизија.

Она што е интересно е дека постојано ги редефинира своите врвни изведби пред публиката со многу емоции за кои на моменти и самата не е свесна колку силна сугестивна моќ имаат врз слушателот.

На овогодинешното издание на Skopje Unplugged 2020, публиката имаше ексклузивна можност за прв пат да ги слушне нејзините најголеми хитови во едно интимно издание, придружена со клавир каде нејзиното раскошно пеење и глас дојдоа до полн израз.
и бевме сведоци на изведба за паметење која никого не остави рамнодушен!

Сметаме дека и покрај наведените услови фестивалот помина одлично и дека и наредните , кои ќе се реализират, се надеваме ќе бидат во многу понормални околности .

На крај би ја истакнал и извонредната организација и ентузијазам на вработените во нашата установа каде секој од нив придонесе за успешна реализација на фестивалот.

# ФЕСТИВАЛ НА СВЕТЛИНАТА 2020

По трет пат во Град Скопје е одржан Фестивал на Светлината по пример на некои европски градови каде настани од ваков тип доживеале огромен успех . Фестивалот се одржа ,почнувајќи од 19 Август и траеше заклучно со 22 Август, под име,, Skopje light art district ,, и на граѓаните им овозможи уникатно доживување исполнето со светлост и многу бои Основна идеја и замисла на фестивалот е да внесе малку светлина и боја во секојдневието кое сите го живееме и да ни ја покаже убавата , светлата и визуелно разиграна страна на животот . Инсталациите на фестивалот беа поставени во централното градско подрачје почнувајќи од Камени мост на реката Вардар , па преку левата страна на кејот на реката Вардар ,преку популарната Школка во Градскиот парк , па се до познатите езерца , длабоко во Градскиот парк . 25 уметниците на 18 локации ги изложија своите дела , визуелни инсталации и перформанси, и им понудија на Скопје и скопјани едно ново, магично , необично и несекојдневно доживување.

Годинешниов фестивал на Светлината тематски сличен со предходните изданија оваа година се одржуваше со поднаслов, GOES GREEN со што се вклучивме во светските текови за заштита на животната средина и борба за поубаво и посигурно утре низ визуелни светлосни инсталации .Со своите инсталации и настапи во многу бои и светлина, Skopje Light Art District ,реномираните уметници , на присутните им ги претставија фантастичните и преубавите светлосни атракции. Фестивалот беше збогатен и со посебен lounge дел за одмор, забава и дружење на посетителите, кој се оглед на должината на светлосната патека навистина им беше потребен

Како една од специфичностите на овогодинешниот фестивал се и условите под кои е одржан а тука пред се се мисли на светската пандемија на Ковид – 19 . Вирусот на корона ни донесе огромни проблеми кои доведоа и до прашање дали фестивалот може воопшто да се одржи , потоа се појави проблем со учество на уметниците  па се дојде до компромисно решение,  а тоа беше да секој од нив ја прати својата инсталација , но без лично присуство на настанот . Транспортот на делата се појави исто така како проблем со оглед на можноста некои дела воопшто и да не стасаат на време за настанот .

Спроведување на владините мерки  против вирусот , исто така влиајеа на посетеноста на настаните и публиката , но не во толкава мерка и бевме навистина задоволни од голема заинтересиртаност на публиката .




Преку овој фестивал им се овозможи на уметниците од земјава и од странство , да претстават различни стилови на современата уметност преку креации кои се поставени на отворен простор . Современата уметност е уметност на денешнината ,продуцирана од уметници кои живеаат и креираат во 21виот век . Оваа уметност создава можност да се изразат и претстават предизвиците и проблемите на современото општество , а уметниците работат под влијание на културно разновиден и технолошки унапреден свет Оваа уметност представува динамична комбинација на светло , материјали , методи , концепти и предмети што ги оспоруваат традиционалните граници и пркосат на лесно дефинирање . Разновидна и разиграна , таа е дел од културниот дијалог што се однесува на поголеми контекстуални рамки .

Овој тип на настани има повеќе свои улоги , но онаа што највеќе се истакнува е промоцијата на интеграцијата на уметноста , изградената архитектура и околината на архитектурата со што уметниците се во директна комуникација со архитекти , градски планери ,дизајнери ,градската

администрација ,подигајќи ја јавната свест и едукација ,привлекувајќи туристи ,создавајќи визуелен идентитет на одредени локации низ градот,генерирајќи чувство на гордост и припадност на целните групи за кои оваа уметност е наменета .

Фестивалот го отвори со својата најава директорот на Универзална сала , Филип Аврамчев ,со што се прогласи за отворена патеката на фестивалот која тргнуваше од Камениот мост и водеше покрај кеј на Вардар до длабоко во Градскиот парк.

Првата инсталација беше видео мапирање на Камениот мост , и тоа е за прв пат мостот да засвети во целиот свој полн сјај на одушевување на присатната публика.Инсталацијата беше направена од **LOOM PROD**, видео арт продукција од Франција под наслов **LUX NATURAE** , каде што мостот ја симболизираше природата и нејзината поврзаност со луѓето како обединувачки фактор . Делото асоцира на целата човекова историја и колку сме зависни и колку треба да внимаваме на природата и да се грижиме за неа .

После Камениот мост од левата страна на Вардар , а под мостот Гоце Делчев ,беше поставена инсталација на две уметнички од Италија , **Lea Brugnoli и Anna Torazza** ,под име **„ РЕФЛЕКСИИ “.** Инсталацијата користи оптички ефект наречен анарфомоза што представува дисторзирана слика на земја која ги има точните пропорции само кога се гледа рефлектирана на дисторзирано огледало . Иновацијата се гледа во движечки проектирани слики и оддава впечаток на бескрајно и континуирано движење .

Следна локација се наоѓаше на фасадата на куќата на нашиот познат сликар **Лазар Личеноски** покрај кејот на реката Вардар .

На терасата од логијата во која се наоѓало и неговото уметничко ателје , во 1962/63 година го изработил монументалниот зиден мозаик **„ Апотеоза на трудот “** Неговата основна концепција – Трудот го изгради и облагодари човекот , се развива во фигурален непрекинат низ од седум полиња . Секое од полињата представува различни ери од човештвото и секое поле е исцртано со различни мотиви опишувајќи го трудот како движечка сила на човештвото .

**„ ГРАДОТ ЗЕЛЕН ПАК КЕ НИКНЕ “** е светлосна инсталација поставена на пешачкиот мосто кај популарната кафеана „ Кај Жабарот “ и замислена е и реализирана од **креативниот тим на СКЛАД** .

Мотивот е извлечен од песната на македонскиот композитор Александар Џамбазов ,која е напишана веднаш по катастрофалниот земјотрес во 1963 година и стиховите даваат надеж дека градот повторно ќе порасне ќе се изгради и ќе стане уште поубав и помодерен Сметајќи дека на градот повторно му е потребна порака на надеж за чисто и здраво и еколоошки средено место за живеење , песната е модифицирана со зборот зелен .

Градежна експанзија и уништување на животната средина ,предизвикала градот да изгуби огромна количина на зелени површини и поради тоа пораката на нашата инсталација до граѓаните , властите и др. е да дејствуваат на општествено одговорен начин и да работат на враќање на изгубените зелени површини .

На следната локација ни се представи **Лука Савиќ од Словенија** , со визуелно дело насловено како **„ На земјата како во рајот “** посветено на **Марко Погачник** ,познат словенечки нео-авангардист кој ги истражувал космолошките принципи на уметноста. Мотивот на ракување како такво и во овој контекст , може да биде разбрано како хармоничен и значителен гест кој ги зближува земјата и небото.



И на следната инсталација , во напуштениот објект на ресторанот „Езерце “ ,ни се претстави уметник од Словенија , **Матеј Бизовичар** .Основен мотив на инсталацијата е способноста на животот да се издигне и прилагоди од рушевини и да изникне и таму каде што никој не би се надевал .Со разни УВ активни материјали и бои ,уметникот покажува како тој го замислува ширењето на разни типови на растенија од фантазијата во руините .

На следната локација која се наоѓаше на зелениот тревник до ресторанот Езерце популарно наречена „ Вембли “ се одвиваше визуелна програма под име **„ На почетокот беше светлина и звук “** во која преку танц ,светлина ,сенката и музиката се

направи обид да се покаже авторски пристап кон суштина на животот.

Визуелната продукција **„ Артмедиа “** направи напор да преку светлосна инсталација се преместат емоциите на друго ниво и да дојдеме до емоции што создаваат живот и одново создаваат светлина.

Изведбата наиде на исклучително добар прием и наиде на големо одобрување од страна на присутната публика

Особено интересна беше **зградата на МЦМ** на која како и минатата година се одржа натпревар во видео мапинг на која учествуваа дел од натпреварувачите .На овој објект свои дела ги поставија : **John Sabbat / Бразил** со инсталација насловена како **„ Природата ќе живее и ќе живее “** со кое ја прикажува природата ,човечкиот жуивот ,суштества во потрага по адаптација ,преживување и се она низ што поминале ; **Eri Harigai од Јапонија** со делото **„ Рушевини , повторно раѓање “.** Уметничката е фасцинирана од напуштени згради и приказните кои изгледаат како секој од тие објекти да ги раскажува .Она се обидува од нешто неубаво и запуштено да му вдахне нов и поубав живот . ; **„ Out Collective “од Португалија** со креација **„ Потребно е да се делува “** со која ја изразува желбата и потребата нешто што поскоро да се направи за светот и природата која неповратно се уништува ; **„ Rue stungsschmie.de “ од Германија** ,со делото **„ CTRL+ALT+DEL “** со кое укажуваат на потреба од правење на нов рестарт на целото општество со кое ќе се вметне хумана нота на нашето живеење .

Уметникот од Германија **Sel Mann** , се претстави со делото **„ Моменти на застој “** кој сака да им даде една тридимензионална нота на градбите и со тоа да им даде живот и прати порака на игра ,среќа и покоритен живот **.**Уште еден уметник кој учествување на натпреварот, но на локацијата „ Школка “ беше уметник од Франција , **Matthieu Tercieux** дело под име **„ Месечев цвет “** кој ја представи својата интерактивна видео инсталација која го повикува гледачот да учествува за креативно да го разоткрие задоволството од откривање на нови светогледи .Како последен учесник во натпреварот во видео мапинг беше нашиот уметник **Петар Џон** со своето дело **„ Рефлексија “**

**Креативниот тим на СКЛАД** ја постави следната инсталација наречена **„ Дрва “** со која сакаше да се истакне огромното значење на дрвото како дел од нашето секојдневие , а кое има огромно значење за нашиот опстанок , а многу често према дрвото се однесуваме со голема негрижа без да размислиме за тоа колку е важно .

Уметник од Македонија , **Андреј Павлов** ја постави својата инсталација наречена **„ Светлината во нас “.** Неговото дело се состои од употреба на едноставен метод на долга изложеност на камера, да ги фати трагите од светлината и да ги „ искриви “ по волја на уметникот,создавајќи фигури и лица . Креацијата на овој наш млад визуелен уметник наиде на големо одобрување од присутната публика .

Гостинот од Италија , **Alessandro Lupi** ,се представи со делото **„ Фрагмент од реалноста “** . Идејата на неговото дело е за невидливата енергија ;ги употребува ветерот и малите огледалца за да ја отслика околината ,користејќи природна светлина во текот на денот и вештачка светлина навечер .Се менува постојано ,во зависност од положбата на набљудување , ветерот и моментот од денот .Понекогаш невидливо но понекогаш забележливо по светлечките треперења но магично во својата едноставност.

**Visualia group** од Хрватска се представи со инсталација **„ Магична градина “** со која авторите ја проектираат како интерактивна светлосна инсталација која ја комбинира природната убавина со светлосната и звучната технологија .Тоа е градина на илуминирани печурки оживеани од посетителите , со движењата на нивните раце ,посетителите можат да ги контролираат боите и нивото на светлината на градината ,претворајќи ја во жив организам .уживајќи ја хармонијата на нивната сопствена креативност.

Уметникот од Македонија , **Борис Петровски** ја постави својата светлосна и звучна инсталација наречена **„ Топење “** со која е ставен фокусот на прашања поврзани со глобалното затоплување и влијание на климатските промени ,представувајќи ги параметрите на овој комплексен феномен преку медиумот на скулптура ,видео и инсталација.Брзиот технолошки развој резултира со прогресивна стапка на затоплување на земјата , а топењето на глечерите е една од најсериозните последици на глобалното затоплување.

Следната поставена инсталација беше на **Александра Стратимировиќ од Србија и Leonel Caplan Аргентина,** со инсталација **„ Подземен свет “** .Ова дело е просторна инсталација на светлечки форми што ја прикажуваат замислената мала подморска населба.Со инсталацијата сакаат да обрнат внимание на чувствителниот морски живот и неговата кревка околина .Делото е инспирирано од животот покрај море во Скагерак и ангажманот на локалната заедница во зачувување на морското опкружување .



Нашиот уметник **Мартин Димитриев** и креативниот тим на **СКЛАД** , го  поставија делото насловено како **„ Тихо океански остров на отпад “** како две големи маси на пластичен отпад кои се расфрлани по големите океански површини . Со оваа инсталација сака да се поттикне човештвото на поголема одговорност кон решавање на овој голем проблем со оглед на тоа дека овие два острва се по своја површина како 3 територии на Франција .

И последната инсталација во овој голем проект беше дело на автор од Македонија **Глигор Постолски** кој својата креација ја нарече „ Геја “ Името е изведено од грчката митологија каде што Геја е персонификација на Земјата како пра- мајка на целиот живот. Во делото е истакната и темната визија на човечката еволуција ,карактеризирана од алчност и себичност ,што предизвикува целосен колапс на планетата Земја .Високо развиени машини и роботи направени од човекот имаа тенденција на излагање од контрола и, што обично води кон војна до истребување на луѓето и уништување на планетата . Но во делото на авторот се прикажува како со моќта на мајката Земја доаѓа до победа над злите машини, прикажана низ фантастични светлосни облици и создавање на нови животни форми .

На последниот ден од фестивалот е доделена и главната награда на победникот на натпреварот во мапирање која го носи името на нашиот прерано починат уметник , **Златко Славенски** .Наградата ја доби , **Eri Harigai од Јапонија** со делото **„ Рушевини , повторно раѓање “.** Кое по мислење на стручното жири беше најдобро во мошне силна конкуренција на уметници .

Со завршетокот на проектот може да се извлече еден општ заклучок дека и покрај извонредно тешки услови и околности , проектот добива за едно скалило повисок квалитет во однос на предходните години. Инсталациите беа интересни и разновидни , без оглед на тоа што нивните автори воглавном не беа присутни да со своите сугестии придонесат за подобра реализација .

Целиот тим на Унуиверзална сала беше на извонредно високо професионално ниво што исто така придонесе за високиот квалитет на проектот.

Сметаме дека фестивалот се повеќе добива димензија на традиционална манифестација ,чие одржување со нетрпение се очекува повторно да започне .

# КОНФЕРЕНЦИЈА  CRE ART 2020

Во рамките на Фестивалот **„ Skopje light Art District „** на 21 Август во градскиот парк ( Пољаната Вембли )се одржа конференција на проектот Кре Арт под наслов „ **КОМУНИКАЦИЈА ПОМЕЃУ УМЕТНИЦИТЕ И ЛОКАЛНИТЕ НОВИНАРИ , РАЗМЕНА НА ИСКУСТВА “**

Ова е трета година како се одржуваат вакви конференции со кои се создава мрежа од градови во која партиципираат јавни и приватни културни институции.Целокупната програма на проектот финансиски е конструирана како ко-финансирање помеѓу градот учесник и програмата „ Креативна Европа  на Европската Комисија .

Целта на овој проект е да одговори на одредени потреби што ги споделуваат европските културни институции и уметници;да го максимизираат економскиот ,социјалниот и културниот придонес кој визуелните уметности можна ат да ги направат со подобра поддршка  на уметниците ,менаџерите ,индустријата и поширокатa јавност ,овозможувајќи им да креираат ,изложуваат и да уживаат во уметничките дела , како и да добијат пристап до обуки преку семинари ,резиденции на уметници ,работилници и истражувачки прогарами .

На панел дискусијата која ја модерираше директорот на Универзална сала , Филип Аврамчев , присаствуваа многу наши културни работници почнувајќи од

Дита Старова Ќерими ( директорка на Национална галерија )

Тони Димков ( Уредник на Културен печат )

Бранка Костиќ Марковиќ ( музички новинар и публицист – Астрорум )

Александра Стратимировиќ ( Визуелен уметник и уметнички директот на СКЛАД )

Темите кои беа ставени на дневниот ред беа ;Како и кои се облици на комуникација помеѓу уметниците и медиумите ;Како да се следи современата уметничка сцена ;Со кава стратегија да се настапи во време на светска пандемија на Корона и колку се спремни медиумите да известуваат за култура и културниот живот .

Заеднички став на сите учесници во дискусијата ,е дека се потребни многу повеќе вакви семинари и панели , со оглед на тоа дека културниот живот во Македонија се наоѓа во незавидна положба и дека реално не постои систем кој на културата би и го обезбедил местото кое мора да го има во едно современо општество кон кое тежнееме .

Вториот дел од панелот беше посветен на уметниците кои беа дел од Фестивалот на Светлината но тоа беа пред се домашни уметници со оглед на тоа дека пандемијата беше причина за недоаѓањето на најголемиот дел на уметниците од странство .

Но и покрај тоа дискусиите на уметниците беа мошне интересни за присутната публика особено поради тоа што домашните уметници укажуваа на проблеми со кои се среќаваат во нашата држава .

Учесници на оваа трибина беа следните уметници

Наташа Поплавска ( театарски режисер )

Жил Увиг ( визуелен уметник од Франција )

Андреј Павлов ( фотограф )

Петар Џон ( визуелен уметник )

Глигор Постоловски ( 3Д дизајнер )

Борис Петровски ( визуелен уметник )

И учесниците на овој дел од панелот беа исклучително задоволни со можност да со свои предлози и дискуси придонесат за развојот на културата , културна соработка и културен и професионален развој на уметниците и културните институции .

# БЕЛА НОЌ 2020

Културната манифестација Бела ноќ, која веќе прерасна во традиција, по 16-ти пат, се одржа во нашиот град . За сите овие години манифестацијата одржуваше високо професионално ниви на реализација , така да тоа и сега беше предизвик да се задржи. И овој пат се помина во најдобар ред на задоволство на голем број на посетители кои од сите поставки беа навистина задоволни .
Инаку манифестацијата се одржа една недела порано односно не во вообичаениот термин во првата недела од месец Октомври туку во Сабота на 26 Септември .Настанот се реализираше на 10 локации (паркингот пред СРЦ Борис Трајковски, МКЦ, Зеленото пазарче, Ибни Пајко плоштадот, Музејот на современа уметност , МОБ ,Архитектонскиот факултет, Градската библиотека Браќа Миладиновци , ГТЦ и Даут Пашиниот Амам), и посетителите можеа да ги погледнат перформансите, концертите, изложбите и другите културно-уметнички активности.

Неизбежно е да се наведе дека беа превземени сите законски мерки предвидени за вакви настани со кои се штити од Ковид 19, а една од нив беше дека настанот не траеше до длабоко во ноќта туку беше лимитирано на 01 по полноќ .

На годинешнава Бела ноќ централниот настан „Скопските евергрини“ се одржа на паркингот пред СРЦ Борис Трајковски, каде што најпознатите македонски хитови беа изведени од најголемите македонски музички ѕвезди, Влатко Стефановски, Тамара Тодевска, Јаков Дренковски, Дарио и други, во придружба на Баги Биг Бендот, под диригентската палка на Љупчо Мирковски.

Треба да се нагласи дека влезниците за овој настан беа бесплатни и билетите можеа да се подигнат на билетарата на ЈУ Универзална сала и МКЦ .

Светски признатиот гитарист, виртуоз и жива легенда , Влатко Стефановски ,
овојпат настапи со неговите најиспеани, препеани и отсвирени песни пред својата омилена скопска публика. Човекот кој инспирирал генерации на нови музичари да се фатат за инструментот гитара и кој успешно открива нови хоризонти во своето активно музицирање скоро половина век. Бела Ноќ и скопската публика ја имаа честа заедно со него да ги отпеат песните кои оставиле силен траг и се влезени во ДНК-то на скопскиот урбан дух.

Пред МКЦ , се одржа концерт насловен како „Ние сме од Скопје“, на кој учествуваа „ПМГ Колектив“, „Сетстат“, „Барум Барум“, „Галатеа“, Роботек, Видиновски, „Кантон 6“, Александар Велики, „Искра“, „Светлост“, а потоа паралелно се одвиваа преостанатите настани на овој простор . Изложбит „П0вт0рн0 на 0“ – фотографии на **Илина Арсова**, но и изложба во чест на **Димитар Младеновски**. Влезот за настаните беше бесплатен, а билетите можат да се подигнат во билетарата на МКЦ.

Групна изложба на 15 домашни автори,се одржа на уникатниот простор на Зеленото пазарче.Идејата беше да се преиспита односот помеѓу специфичниот простор на пазарот, како конкретно дефинирана локација каде се одвиваат бројни трансакции со основните производи, и уметничкиот свет во кои асоцијациите на пазарот, и тргувањето, обично се доведуваат во негативна конотација.

Од 19 часот, на Архитектонскиот факултет се отвори изложбата „Urban snake experience“, на која се собираа средствата за интервенција во дворот на студентски дом Гоце Делчев .

На просторот на паркот „Ибни Пајко“ се одвиваше со настани , најбогата програма која започна со театарската претстава **„Не ми го чепкај пивото**“, на театарот **„Златен Елец“**. На истиот простот посетителите можеа да ги видат и светлосните инсталации на Андре Ѓеоргиевски и Ана Трајковска, како и онаа на Перо Кованцалиев .Околу 20:30 часот, започна втората театарска изведба, „ГА 2m ЛЕБ“, испитна претстава на студентите на Факултетот за драмски уметности, според текстот **„Галеб“** од **А.П. Чехов**. Убавата вечер ја заокружија со своите настапи групите кои свират современ џез,и тоа „Зулу 3.4“, а по нив со свој концерт настапија „**Кабадајас**“. Паралелно со овие настани се одвиваше и перформансот на „Ботегга евенти“. Во Даут Пашин Амам ,кој е во непосредна близина на паркот Ибни пајко се отвори изложба со видеа од колекцијата и одделни дела на уметниците во сопственост на Националната галерија, но и „Карантински дневници“ – видеа од уметниците во текот на изолацијата од Ковид-19.

На „Зелениот кров“ на Градскиот трговски центар се одржа отворена групна изложба **„Артхаб“** на 4 млади уметници, членови на Друштвото на ликовни уметници на Македонија, а истовремено се одржа и концертот „AVP project“ на Антоние Весковски. Убавата вечер ја заокружија , дуо кларинетите **Ѓоревски – Бакревски**.

Во Градската библиотека „Браќа Миладиновци“ се одржа поетско читање во на кое поезија читаа новата генерација современи македонски поети.

Истовремено, во Музејот на современа уметност , започна првата од трите активности на оваа локација, **„Градот убав“** – мултидимензионален перформанс на Горазд Кени, Филип Димишковски и Андреј Павлов, поезија придружена со пијано и изложба на мурали. Потоа, следуваше драмскиот перформанс „Боите на ноќта“ на Ема Попивода и Ивана Павлаковиќ, за на крај да се одржи концертот „Урбана симбиоза“ на Тринити Стрингс.

Уште еден прубав настан се одржа  во Македонската опера и балет, на кој концерт  одржа првенката на МОБ, сопранката **Славица Петровска Галиќ**, придружена со гости солисти – нејзини студенти низ годините: Наде Талевска Спасовска , Влатко Груевски , Васко Здравков , Злата Тошевска ,

Биљана Јосифов , Бесијана Мехмети , Фиола Исеими , Девана Ѓорѓиевска , Мартина Аврамовска , Ана Ројдева и марија Наумовска .Публиката се воодушевување го поздрави настапот на уметниците .

Поради оправдани причини , поврзани со владините мерки за Ковид 19, целиот настан траеше само до 1 час по полноќ , но и покрај тоа овогодинешната Бела Ноќ ги оправда очекувањата на посетителите , со надеж дека идната година условите ќе бидат сосема поразлични .

## Скопје Фото Недела 2020

Проектот Скопје фото недела е долгонајавуван проект чија основна цел е промоција на македонската уметничка , алтернативна и комерцијална фотографија и запознавање со новите трендови во уметничката и комерцијална фотографија преку предавања и презентации на врвни имиња на светската фото и видео сцена .

Со овој проект преку присуство на предавањата за фото и видео дејност и изложените дела се направи напор кон приближувањето на македонската фотографија кон светската јавност , приближување кон светските трендови во фотографијата како и едукација на домашни и регионални фотографи . Намера беше и да се информира домашната публика за светските трендови во оваа област и можност за нивен индивидуален напредок при реализација на сопствени дела од оваа област .

Скопје фото недела се одржува по 5 пат , во организација на Ангеловски Фотографија и Грег Момент од Полска , но сега прв пат во соработка со нашата установа која со организација и на овој тип на настани ги прати светските трендови и во други области на уметноста , а не само со своја основна дејност .

Ова петто изданије на проектот го има сменето и свое препознатливо име , International Summit of photographers & Videographers , во  Скопје Фото Недела 2020

Петта година по ред Нашиот град е домаќин и инспиратор на најдобрите фотографии ,чија инспирација ги отвара новите хоризонти на дигиталната уметност .Овој проект овозможува да ги видиме најдобрите иновативни фотографии , можност да се разменат искуства , да се научат новите иновативни техники а истовремено да се подобрат постоечките .

Годинешново издание беше многу поразлично од минатите , пред се поради светската пандемија на Ковид 19 и обврска за почитување на владините мерки , но и покрај се огромна позитивна енергија внесена во проектот го разби сивилото на секојдневието .

Благодарејќи на современите технологии настанот е реализиран on line , што сепак во крајна линија не го намали уметничкото доживување на пријавените дела.

Проектот беше реализиран во две тематски целини. Првата се состоеше од натпревар за избор на најдобра фотографија на тема „ Скопје од мој алтернативен агол “ каде беа доделени и парични награди за трите најуспешни уметници , со тоа што сите слики кои учествуваа на конкурсот Градот Скопје ќе може да ги користи за своите промотивни цели.

Првата награда ја освои Кристина Нановиќ , втората Александар Стојчевски и третата ја освои Александар Атанасовски .

Вториот дел се состоеше од предавања ,работилници ,интервјуа и други активности , со докажани фотографи и кинематографи од македонската сцена и тоа “

Томислав Георѓиев – фотограф ; Ани и Дими – фотографи ; Горан поп Атанасовиќ – кинематограф ;Two Cliks – фотографи ;Влатко Рафески – фотограф ;Кристијан Теодоров – кинематограф .Модератор на настаните беше Ангел Ангеловски – фотограф .

Сметаме дека нашето учество во реализација на овој  проект е исклучително успешно и дека доколку бидат одобрени средства за овој проект во 2021 , треба и понатаму да бидеме активни и да придонесуваме за развој на овој проект кој се повеќе добива интернационална димензија .

## ЕВРОПСКА ПРЕСТОЛНИНА НА КУЛТУРАТА  2028

И оваа 2020 година се продолжени активности кои се однесуваат на организација и реализација на проектот ЕПК 2028 година. Отежнати услови за работа предизвикани од светската пандемија на Корона вирусот придонесоа многу од предвидените активности да бидат откажани , одложени или модифицирани и прилагодени на новонастанатите услови

Постојаните активности на тимот се поврзани со **истражувања и анализи** на: пријавни книги на градови-кандидати (пред сè градови-кандидати за 2025 и 2026 година, кои оваа година поднесуваат пријавни книги) и на носителите на титулата; официјални документи на Европската комисија, поврзани со кандидатурата и процесот на аплицирање (водичи, процедури и критериуми за аплицирање и оценување, фази на оценување и селекција); извештаи на панелот за оценка и селекција на градовите-кандидати и набљудување на имплементацијата на градовите-носители на титулата; текстови објавени на Интернет-страниците на градовите-кандидати и на носителите на титулата; објави и анализи во медиумите итн.

Со цел да се добијат повеќе информации: за состојбите во културните институции на територијата на градот Скопје, за начинот на кој тие функционираат на програмско, менаџерско и техничко-оперативно ниво, за начините на нивно финансирање, за типот на нивните програми, за остварените соработки на домашно и на меѓународно ниво, за проблемите и предизвиците во работата со кои тие се соочуваат и за нивните идеи и потенцијали за развој; тимот на ЕПК 2028, во периодот април-јуни спроведе **анкета со градските и националните културни институции на територијата на градот Скопје.** Анкетата беше дистрибуирана до 28 институции, од кои се добија вкупно 22 одговори. Градските културни институции Дом на културата „Кочо Рацин“ и КИЦ не одговорија на анкетата. Добиените одговори дадоа одреден аналитички приказ на состојбите во институциите и ќе бидат корисни понатаму во развојот на одредени теми и проекти во рамки на програмата на СК2028.

Во март 2020 година, во канцеларијата на Скопје град кандидат за ЕПК 2028 се одржа **работилница** со словенечкиот експерт за ЕПК – Давор Буињац, кој сподели лични искуства од постапките за аплицирање на другите градови-кандидати. Тој зборуваше за идните чекори на Скопје како град кој се кандидира за ЕПК. На работилницата присуствуваа раководителите на секторите од Град Скопје.

По средбата се планираа уште **2 посети на Давор Буињац** на Скопје во текот на 2020 година, кои требаше да се посветени на работниот процес во рамки на кој ќе се развива основниот концепт на кандидатурата. Но, поради пандемијата и воведувањето на мерките и препораките за заштита и за превенција од нејзино ширење, планираните работни процеси не се реализираа. Со цел да продолжи

работата, почнувајќи од април 2020 година, програмскиот дел од тимот на Скопје 2028 се адаптираше на новата состојба и одржуваше **редовни онлајн-состаноци со Буињац**.

Покрај средбите за развој на концептот, тимот на СК2028 одржуваше **редовни средби** со комбиниран пристап (онлајн и во просториите на Универзална Сала во текот на летниите месеци), поврзани со организацијата и реализацијата на планираните активности. Во првата половина од годината, средбите се одржуваа еднаш на две недели. Од месец октомври, средбите се случуваат онлајн и еднаш во неделата.

Од април до декември, средбите со Давор Буињац редовно се одржуваат во континуитет и онлајн во текот на целата година. Според првичниот план, тимот требаше да организира работилница во живо во Скопје, во месец октомври, на која ќе присуствуваа повеќе домашни културни експерти, експерти за животна средина, за иновации, за дигитална средина и за јавен простор. Тргнувајќи од очекувањата дека ситуацијата со пандемијата ќе се стабилизира во текот на летниот период, работилницата требаше да ја модерира Буињац.

Сепак, актуелната ситуација не дозволи патувања и средби на поголем број на лица во физички простор. Тоа резултираше со **поинтензивни структурирани неделни онлајн средби** во периодот септември – октомври, помеѓу членовите на тимот (Мусовиќ, Качакова и Алаѓозовски). Преку серијата на средби во форма на тематски прашалници и разговори, тие го информираа Буињац за состојбите во различни сфери на животот во градот. Темите и проблемите на кои се дискутираше беа: дефинирањето на поимите кои го дефинираат Скопје, граѓанската партиципација, европските вредности, европската и меѓународната соработка, културната инфраструктура, новите модели на институции во културата, резиденцијалните програми, интерсекторската соработка (помеѓу различните дејности, особено образованието и културата, но и помеѓу претставниците на граѓански сектор, институциите, локалните и централните власти и бизнис секторот), изработката на градска стратегија за развој на културата, соработката со Универзитетите и воведувањето на нови програми за развој на капацитети за менаџери во културата како дефицитарен, а потребен кадар во Скопје и земјата, јавниот простор и градските простори кои имаат потенцијали за културна ревитализација, идентитетот, животната средина (загадувањето, губитокот на градското зеленило и климатските промени), дигиталната средина, волонтерската работа итн.

Резултат од овие интензивни средби се очекува да биде еден **документ**, кој ќе содржи **концепт со појдовни точки** – теми и ќе биде подготвен од страна на Давор. Финалниот документ ќе претрпи низа коментари од тимот и преработка, пред да се претстави пред градоначалникот на Град Скопје, како појдовен текст за понатамошен развој на програмата (Бид-букот) на Скопје 2028 во 2021 година.

Во октомври 2020 година, се реализираше **онлајн средба со Ханс Дитрих Шмит, претставник на „Инсајд трак“ консултантскиот тим за ЕПК.** Пред потесниот круг на тимот, Никола Наумовски, шефот на кабинетот на градоначалникот на Град Скопје ги престави услугите кои нивниот тим ги нуди на градовите-кандидати за ЕПК и даде понуда за нивно ангажирање како консултанти на СК2028.

За 2021 година предвидена е позначајна промена на веб-страницата, со нов дизајн.
**Фејсбук-страница за Скопје 2028: https://www.facebook.com/skopje2028/** до 7.12.2020 има 62 нови објави, од кои поголемиот број се непреземени објави од други страници и неколку информации за активностите на тимот. Најголем интерес предизвика објавата од повторно споделениот и спонзориран прашалник/анкета за граѓаните, кој има видливост од 18 000 профили на македонската објава и 12 000 на албанската. Фејсбук-профилот има 374 нови следбеници и 349 „лајкови“, односно сега брои 1 115 вкупно следбеници и 1 146 допаѓања, што е зголемување во однос на 2019 за 33 % и 30 %.

**Инстаграм профилот https://www.instagram.com/skopje2028ecoc** во 2020 година има вкупно 217 следбеници, а следи 284 профили, што е значително зголемување од минатата година, кога концептот подразбираше единствено пратење на профили на други градови-кандидати за ЕПК или веќе одбрани ЕПК-градови. На Инстаграм, објавени се 21 објави, од кои 12 од нив се репостирани од други профили, а 9 објави се оригинална содржина. Најчести теми кои се објавуваат на профилот се: актуелни случувања од културата во Скопје, тековни фестивали и изложби. Во главен фокус е градот Скопје, она што е карактеристично за него, прикажано низ минати и сегашни настани. Објавата за перформансот „Универзална во пламен – трагедија во шест декади“, во продукција на Интернационалниот фестивал 45. МОТ и Факултет за работи што не се учат има најмногу лајкови (35). Засега, во просек, објавите имаат по 9 лајкови.

**Твитер профилот https://twitter.com/skopje2028** сè уште се развива слабо и има мал број на следбеници. Во 2020 година на Твитер-профилот има 11 објави од кои 8 биле „ретвитови“.
Се надеваме дека некои од активности кои не се реализирани поради пандемијата ќе бидат реализирани во наредниот период а со тоа ќе се надоместат некои работи кои не биле во можност да се реализираат во тековната година .

И за крај треба да се истакне дека целиот организационен и техничкиот тим на ЈУ Универзална сала , беше навистина на високо професионално ниво и настаните од сите аспекти поминаа во најдобар ред ,а се надеваме дека и наредната програмска година ќе биде исто така успешна .

ЈУ универзална сала
Директор
Филип Аврамчев